МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 17 став 5 од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/07 и 20/09), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА СОГЛАСНОСТ ЗА ПАКУВАЊЕ И ДОРАБОТУВАЊЕ НА ЃУБРИЊАТА И ДРУГИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ, ДОРАБОТУВААТ, ВРШАТ ПАКУВАЊЕ, КАКО И СЕКОЕ ДРУГО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ГИ МЕНУВА СВОЈСТВАТА НА ЃУБРЕТО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на согласност за пакување и доработување на ѓубрињата и другите услови кои треба да ги исполнуваат правните лица кои произведуваат, доработуваат, вршат пакување, како и секое друго правно лице кое ги менува својствата на ѓубрето.

## Член 2

Согласноста за пакување и доработување на ѓубрињата особено содржи:

1) Податоци за производителот кој ја издава согласноста (седиште, назив, идентификациски број, одговорно лице);

2) Податоци за правното лице - корисник на согласноста (назив, единствен даночен број, матичен број, седиште и адреса, адреса на објектот кај што се врши пакување и доработување на ѓубриња);

3) Датум и место на издавање на согласноста;

4) Услови и ограничувања на производителот во врска со видот на амбалажата која ќе се користи;

5) Видот на ѓубриња за чие пакување и доработување се издава согласноста;

6) Времетраење на согласноста;

7) Потпис и печат од овластеното лице на производителот;

8) Други елементи за кои производителот и правното лице постигнале согласност дека треба да се содржани во согласноста.

**Член 3**

(1) Правните лица кои произведуваат, доработуваат, вршат пакување, како и секое друго правно лице кое ги менува својствата на ѓубрето, покрај со закон утврдените услови треба да поседуваат магацин кој се состои од работен и магацински дел, со задоволителен капацитет за сместување на ѓубрива, кој ќе овозможи одржување на квалитетот, како и правилно и безбедно ракување со ѓубривата.

(2) Работниот дел од магацинот служи за престој и работа на стручните лица. Во работниот дел може да бидат сместени литература, рекламен материјал (проспекти, упаства и друго) и други помагала во работата.

(3) Магацинскиот дел служи за сместување на ѓубривата на палети со што се овозможува одржување на квалитетот, како и правилно и безбедно ракување со ѓубривата.

(4) Магацинскиот дел треба да има вградено соодветна вентилација за проветрување на просториите.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-229/4

август 2010 години | Министер,

Скопје | **Љупчо Димовски**, с.р.